„**Ефективна борба против корупција на високо ниво: прашање на личност или на систем?** “ беше насловот на конференцијата што ја организираше денес  (22 март 2016 година) МЦМС во хотелот Холидеј ин во Скопје. На Конференцијата зборуваа Лаура Кодрута Ковеси, главен обвинител во Националниот директорат за антикорупција во Романија, Марко Зврлевски, Јавен обвинител на РМ и Катица Јанева, јавен обвинител во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите.




**Амбасадорот на САД, Џес Бејли, Министерот за правда, Аднан Јашари** и Првиот извршен директор на МЦМС, Александар Кржаловски имаа воведни обраќања. „Корупцијата се случува во целиот свет, но кога е оставена без контрола, кога за неа нема казна, тогаш демократијата е во најголем ризик и јавната и меѓународната доверба е изгубена. Државите треба да воспостават (и да поддржат) институции, закони и процедури кои ќе ги спречат и казнат актите на корупција“. Тој додаде дека законот мора да се применува  еднакво за сите, не низ призмата на партиската припадност. „Сите луѓе, без разлика на нивната политичка или етничка припадност, економски статус или род мораат да бидат еднакви пред законот. Казнените мерки преземени заради политичка одмазда или идеолошка нетрпеливост го рушат кредибилитетот на целиот систем.“

Обвинителката Кодрута Ковеси ги истакна резултатите на НДА за претходната, 2015 година и рече дека со преземените мерки за запленување сумата достигнала речиси половина милијарда евра и пораснала за 49% во однос на претходната 2014 година. Повратот на средства како резултат на правосилни пресуди изнесува речиси 200 милиони евра. Специјалната обвинителка Катица Јанева во своето обраќање се осврна на некои од предизвиците со кои се соочува нејзиниот тим вклучувајќи ја ограничената соработка и поддршка од институциите и недостатокот на човечки ресуси.



